# APOTHEOSIS OF FREEDOM (TOWARDS THE NOVEL *PROSTATE JUISE* BY JOVAN PAVLOVSKI)

**Kristina Nikolovska**
University "St. Cyril and Methodius" - Skopje, RN Macedonia, nikolovska_17@yahoo.com

**Abstract:** This paper refers to the latest, critical edition of the novel “Prostate Juice” from 2022, enriched with texts from literary criticism. “Prostate Juice” is the cult novel of a Macedonian: poet, storyteller, novelist, children’s writer, translator, publicist, encyclopedist, cultural worker. The most provocative novel of our 20th century has become a new redefinition of values such as: honesty, openness, originality, the brutal truth of intimacy. The novel is the apotheosis of freedom – spiritual, sexual, social, political. With this work, Pavlovski immortalized himself as the most widely read author of his time, but also as a grand master of the word and an instigator of the advanced, the avant-garde, the new, the thought-inducing and the rebellious.
**Keywords:** Apotheosis of freedom, Prostate Juice, Jovan Pavlovski

# АПОТЕОЗА НА СЛОБОДАТА (КОН РОМАНОТ *СОК ОД ПРОСТАТА* ОД ЈОВАН ПАВЛОВСКИ)

**Кристина Николовска**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј”- Скопје, РС Македонија, nikolovska_17@yahoo.com

**Резиме:** Рефератот се однесува на најновото, критичко издание на романот „Сок од простата“ од 2022 година, кое е збогатено со текстови од литературната критика. „Сок од простата“ е култен роман на македонскиот: поет, раскажувач, романсиер, писател за деца, преведувач, публицист, енциклопедист, културен деец. Најпровокативниот роман на нашиот 20 век, стана нова редефиниција на вредностите како: искреност, отвореност, оригиналност, бруталната вистина на интимата. Романот е апотеоза на слободата – духовна, сексуална, социјална, политичка. Со ова дело Павловски се овековечи како најчитан автор на своето време, но и како велемајстор на зборот и придвижник на напредното, анавангардното, новото, мислечкото и бунтовното.
**Клучни зборови:** Апотеоза на слободата, Сок од простата, Јован Павловски

## 1. ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Цел на истражувањето е да се проучат поетичките квалитети на романот „Сок од простата“ и да се овозможи ново читање на делото, со дистанца од 21 година, откако делото постигна голема слава меѓу публиката и силен одзив во литературната критика.

## 2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Во рефератот ќе биде применета книжевна херменевтика која преку анализи на делото ќе трага по можни толкувања. Интерпретација на делото е можна ако се анализа на повеќе слоеви, преку повеќе аспекти и се понудат длабински херменевтички толкувања.

Херменевтиката на ова дело се развива преку анализа на предусловите во критиката, приемот, рецепцијата на делото во времето на појавата, но и две децении потоа, и се насочува кон растолкување, а потоа и толкување на поетичките, структурни, наративни, семиотички, стилististички, дискурсивни квалитети, како и тематско-содржински доминанти, опсесии и интереси на авторот.

## 3. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Резултатите од истражувањето имаат своја аналитичка синтакса, тие растат низ конкретни содржинско-формални анализи кои може да се систематизираат. Кон анализите, се прави и ревалоризација на статусот на делото во литературната критика, но и ново, можно толкување на делото, со полифони капацитети. Таквата раскош на делото, таквата полифона структура, но и повеќеслојна тематска вехементост, ни овозможува аналитички да длабиме, а херменевтички да толкуваме.

Кон резултатите, на кусо се појаснува и поводот за избор на рефератот и кус историјат на појавата и одгласот на романот вомакедонскиот, јужнословенскиот и поширокиот контекст.

**Два големи јубилеи**

Исправени сме пред два големи и свечени јубилеи на истакнатиот македонски поет, раскажувач, романсиер, писател за деца, преведувач, публицист, енциклопедист, културен деец, трикратен претседател на Друштвото на писателите на Македонија – човекот-институција Јован Павловски. Како достојно собрание им оддаваме почит на јубилеите - 85-годишнината од раѓањето и 65-годинишината од творештвото на раскошниот полиграф и културен деец Јован Павловски.

Оној Павловски за кој Гане Тодоровски ќе рече: „Јован Павловски, и по име и по презиме, е извишен во самиот вредносен врв на нашата литературна уметност“ (Тодоровски: *Сок од простата,* 2022: 377)

**Појавата на „Сок од простата“**

И да се потсетиме – вистински шок беше појавата на култниот роман „Сок од простата“ во, веќе далечната 1991 година.

И беше прв. И беше шокантен. И беше оригинален.

Беше тоа голема револуција, вистински земјотрес на лажните вредности, сериозно изместување на поставените, наводно „морални“ вредности, актуелни во тоа време, време на маски (впрочем како и секое време), во кое Павловски јасно изби пред сите: како предводник, лидер, смел, бестрашен, без влакна на јазикот, а со многу срце, душа и творечки потенцијали.

Појавата на *„Сок“* – беше *шок!*

Но и *шокот* – беше *сок!*

„Сок“ од творечки ензими, креативна енергија, елан и невидена творечка потенција.

Тој голем настан во книжевноста, тој снажен писателски „вулкан“ кој ги растрои, возбуди и расони критичарите (дури и најконезервативните), тој, најпровокативниот роман на нашиот 20 век - стана нова редефиниција на вредностите, во кои кон врвот избија: искреноста, отвореноста, оригиналноста, бруталната вистина на интимата и секако - невидниот раскажувачки талент. Талент, но и велемајсторство. Јован се овековечи како велемајстор на зборот, крал на реченицата и виртуозник на описите. На прекрасните слики, на незаборавните и моќни генитивни и глаголски метафори, на врвните хиперболи, ремек-дела хиперболи низ кои расте ова, по многушто, моќно дело.

**Структура**

Делото има полифона структура, за која Гоце Смилевски, со право проценува: „(...) „Сок од простата“ е дело што по својата структура претставува маестрално изведена симбиоза на роман и дневник (и коментари на дневникот), при што втората наративна линија (дневничките записи и коментарите на нараторот) не е подредена на првата, туку тие двете се надополнуваат и рамноправно коегзистираат во една единствена романескна целина.“(Смилевски: *Сок од простата,* 2022: 356)

**Семиотика**

Насловот на ова дело е подеднакво шокантен, оригинален, незаборавен и провокативен.

Ова издание ќе ви овозможи толкување од Бобан Карапејовски, кој вели: „Анатомијата на машкото тело (простатата) и репродуктивните течности што ги создава, уште во насловот на најпознатиот роман на Павловски се искористени како метафора: сокот од простата е (пред)знак за (нужно, проектирано) страдање, но и за уживање.“ (Карапејовски. *Сок од простата,* 2022: 394)

Ова полифоно дело има изградена семиотика, речиси сѐ има значење, а семиотиката на имињата игра важна улога.

Таков е ликот на Ангел Биков, македонски мажјак со биковска сексуална жед, но и со енормна сексуална моќ.

Името и презимето на Ангел Биков се во прекрасна симбиоза, провокативна, оксиморонска симбиоза: *Ангел* кој всушност е ласцивен *бик.*

И навистина, од една страна, сосем парадоксално, тој е речиси ангелски чист и искрен, додека, од друга страна е животински здивен разјарен бик.

Исто како љубов, Љубов Алексеевна, онаа која тој искрено и страсно, токму пред нас ја посакува и сака да раздени во неа...

Љубов... Алексеевна... Горчинова

Љубов која горчи... Повторно длабински оксиморон.

Зошто? - Бидејќи љубовта содржи семи на убаво, слатко, но овој пат таа горчи.

И повторно добиваме „невидлива“, длабинска прекрасна, ракошна глаголска метафора: „љубовта горчи“.

Силен е Павловски на метафората. И на глаголската и на генитивната.

Тука дури се отвора и уште една фонолошко-семантичка игра во која ако се изостави фонемата „ч“, ќе добиеме: „љубовта гори“, наместо „љубовта гори“. И гори Љубов Алексеевна Горчинова во овој роман, во

овие записи, во овој дневник, и горчи љубовта меѓу неа и нашиот Ангел Биков... Но сепак, нејзиното име е Љ у б о в... Со сè што таа вклучува во своето име.
И арно и лошо, и убаво и грдо, и слатко и горчиво, и пријатно и болно...
А така е тоа во „апсолутните" љубови кадешто земно си подаруваме или даваме сè што имаме од себе: и најубавата страна, но и лошата. Во такви изданија расте, се распламнува, гори, но и гасне *љубовта* меѓу Љубов и Ангел...

**Хипербола**

И сиот роман – всушност *е* хипербола.
Хипербола *на* хиперболите.
Или: хипербола *над* хиперболите.
Хипербола – која боли, која расте.
Впрочем - страста, љубовта (оние вистинските) – се чиста хипербола! Тие се – *п р е т е р у в а њ е.* Раснет во традицијата на хиперболите од народното творештво, но и во култот за големиот, хиперболизиран симбол за машкоста, авторот Павловски, на голема врата, на „триумфална капија" ја крунисува – кралицата на алогизмите – *х и п е р б о л а т а.*
Романот расте, набрекнува како метафората за машкоста, како симболот на мажественоста.
Но дали *претераното* – всушност е реално, точно? Дали сиот тој моќен, возбудлив, драматичен свет на *психизмите* во ова раскошно дело е „локомотивата" на овој раскажувачки „воз"? Дали се тоа невидливите, речиси „подземни" води кои го влечат делото кон напред?
- Секако. Ова не е порнографски роман, ова е длабоко изграден психолошко-еротски роман кој блеска од густи заплети кои го заробуваат и вмрежуваат актуелниот човек, тогаш актуелниот, но и, зошто да не – сега актуелниот човек. Тие заплети се поведени од длабоко мотивирани *психизми* кои моќно владеат, не само со делото (со романот, со записите, со дневникот, со коментарите, со луцидни коментари на раскажаното), туку и со – *нашиот живот, животи* кои: *Ангеле Биков и нараторот и Јован Павловски* (и како лик и како автор) – одлично ги разбираат и со нас ги споделуваат.
„Кралот на описите" – особено на интимните, на психо-физичките, навидум „бесрамниот" раскажувач, вешто се служи со впечатливи и незаборавни споредби - кои всушност се *индиции* (Индиции, психизми – според теоријата на Ролан Барт). Оние кои сугерираат, навестуваат, нијансираат. Оние кои се вистинска ремек-дело рака - на уметничката четка на платното, налик на врвните светски сликари.

**Моќни описи. Дискурс**

И маестрален е Павловски во описите, моќно сугестивен, реалистично уверлив.
Така на пример, кога говори авторот за состојба на ерекција, тој говори всушност и за соковите, ензимите кои живот значат, оние кои се енергија, оние кои нè покренуваат, и кое нè предводат и водат. И така, како и состојбите, така и ликовите, но и нашите животи доаѓаат или дораснуваат до некоја убава *хомеостаза,* до некој совршен медицински баланс – наречен здравје, така и делото, книгата си „расте" до некој свој подем, до некоја своја благосостојба во која царуваат здравите сокови и течности и го одржуваат организмот во совршена здравствена состојба.
Тоа се постигнува благодарение на брутално искрени описи на интимни актови, но и на крајната отвореност на душата, која допира до нас.
Дискурсот на Павловски е автентичен, полн со живи дијалози и духовитост, со искрени и луцидни монолози. Високо оригинален, директен, брутално искрен и отворен.
Делото фасцинира со преубави слики и зрачи со преубави, незаборавни метафори како онаа глаголската: „Муграта пука".
Како сликата со метафората, на страна 292:
„Ја гали по градите, ја бакнува по косата:
- Сакам да си постојано со мене! – ѝ вели.
Таа се прибира во неговата прегратка. Муграта пука над московските покриви."
Делото го водат и сугестивни психизми на страст, љубов и развиен внатрешен психолошки живот.
Романот расте низ духовитост и хумор.

**Побуна**

И еден „невидлив" поим владее некако со целото *дело.* Но и со целото *тело* на ликовите. Пред сè на Ангел Биков – лик-метонимија за останатите ликови. Можеби знаете, а можеби и сега заедно откриваме кој е тој поим?
*Побуна*...
Или што би рекол раскошникот Јордан Плевнеш: „А без побуна – нема историја". (Плевнеш: Изјава за ТВ Алфа, дадена по повод изградба на Филмскиот град (преземена од ТВ Алфа, емитувана на 29.11.2022.).

Без *побуна* - нема борба против табуата, стереотипите, лажниот морал и глумата пред другите.

Точно, сиот роман, сиот дневник е – *побуна.* Сериозна, вистинска, длабинска, повеќеслојна.

*Побуна* против – режимот или режимите, побуна против границите, човековите ограничувања, против тивкото „ропство": економско, политичко, општествено, против социјалната беда и хуманитарна криза во вид на мизерија на човечките вредности. Распадот на системот на вредности – аксиологиите, дисолуцискиот амбиент во кој тоне отуѓената единка – се само камчиња од богатиот и повеќеслоен мозаик на авторовата, но и наша реалност. Онаа од пред тиесеттина години, но и оваа, денес.

*Побуна...* но и *п о б у д а.*

*Побуда,* будење, разденување, нови мугри, сон за иднината – зошто да не?

Сето тоа во животните, животворните „сокови" на маестралниот „Сок од простата" кој е еден голем извичник кој има „деца" прашалници... Едно големо *зошто* кое се умножува преку недоброј (само навидум) мали – *зошто*?

Побуда – сексуална, еротска, емотивна, психолошка, итн...

**Отуѓеноста и стравот**

И кога говори за „сеопштата ентропија", Гоце Смилевски, со право заклучува дека: „Една од темите на романот на Павловски е отуѓеноста, која ги погодува сите главни ликови во делото, најчесто како последица на хаосот предизвикан од разградувањето на општествениот систем." А во сето тоа, ликовите, според Смилевски: „Парадоксално, (...) наместо рационално да се соочат со отуѓеноста и да најдат начин да ја надминат, стануваат жртви на сопственото ирационално бегство од неа, преку начини што ги водат во уште поголема алиенација, и кои најчесто имаат карактеристики на автодеструкција." (Смилевски. *Сок од простата,* 2022: 359-360)

Во ова критичко издание, Гоце Смилевски ќе го воочи „стравот од самотија", кое нараторот го доловува вака: „Не може да се ослободи од тоа чувство на страв дека е сам, сосема сам". (Цитат од романот на Јован Паловски. *Сок од простата*)

И тука ги препознаваме големите психими на оваа проза: тагата, меланхолијата по минатото, но и болката од траумите од минатото, емоционална болка по ќерките-близначки, итн.

Тоа убаво го воочува и Соња Елзесер-Стојменска: „Осаменоста е таа што ги турка во овој вид односи и руските жени и македонските трговци. Лажните мигови на љубов и пријателство се распрснуваат како меури од сапуница во животот на осамениците и оставаат зад себе уште поголеми празнини. Ефемерните врски се можност да се надмине барем миговно, макар и лажно, длабокото чувство на осаменост, разочараност во реалноста и резигнираност". (Соња Елзесер-Стојменска. *Сок од простата,* 2022: 362)

Психолошката основа на неговиот бурен, промискуитетен живот, Гоце Смилевски вака ја толкува: „Тоа е времето кога ќе ги доживее осаменоста, отфрленоста и отуѓеноста дури и од најблиските, како печат на својата судбина. Суштинската блискост, која му недостасува до степен на загрозување на смислата на постоењето, започнува да ја компензира со опсесивни имагинации за сексуални задоволства, со верувањето дека преку нив ќе ја надмине таа бездна што ја чувствува меѓу себе и светот, и тој дел од неговото раснење ќе биде исполнет со две фасцинации: фасцинацијата со сексуалниот однос и мечтаењето по него, и онаа поврзана со читањето, низ откривањето на светската литература." (Смилевски: *Сок од простата,* 2022: 363)

И во знакот на Гане Тодоровски кој: „Зборот го болуваше, а болот го зборуваше", страдалникот Ангел Биков: „љубовта ја болува, а болката ја љубува". Или уште поточно: „осаменоста ја болува, а болката ја осамува - во себе".

Младиот Смилевски воочува дека: „Ангел Биков болуваше да биде љубен, да почувствува дека некому е нужен, дека некој сака да биде со него".

Патологијата на таа инхибиција, вештиот Смилевски ја открива во: „Карактеристиката на патолошкото во таа потреба станува уште појасно изразена кога ќе се согледа дека, и додека болува да биде љубен и нужен, тој наоѓа начини да ја избегне можноста за остварување на тие свои најсуштински потреби." (Смилевски: *Сок од простата,* 2022: 363)

И пак царува – парадоксот!

Алогизмите - се на сцена.

И колку што повеќе и пострасно, Ангел посакува да биде љубен и да љуби, тој уште повеќе се отуѓува и оддалечува од својот идеал. Од својата цел.

А што со отуѓеноста и осамата?

И ете, ние од отуѓеноста се браниме со – уметност. Се обидуваме дури и смртта да ја надитриме со – креација... Споделуваме, болуваме заедно, се радуваме – го игнорираме стравот. Старавот над стравовите... оној од осамата, оној од смртта. Оти *осамата* е само – *метонимија за смртта.*

*Осамата* е страшниот влез во *смртта.*

*Осамата* е мала *смрт.*
Таа е смрт која ја гледаме, при живе.
Таа е врвниот парадокс на човештвото, врвен алогизам.

**Нашето тело – „страшниот стан“**

И како што филозофот Ферид Мухиќ вели дека сите ние всушност живееме во *страшниот стан – нашето тело* и дека се ослободуваме од него - дури со смртта, така и Ангел Биков и цела галерија промискуитетни ликови кои речиси манично и панично трагаат по сексуални задоволство, можеби всушност се „заробеници“ на невидливото „ропство“ на својот страшен стан. На своето тело.

И во таа жестока, незауздана „трка“ да се доживее сексуалната револуција, под постојан диктат да му се удоволи на својот нагон, во целиот тој хаос, Ангел Биков, пред себе и пред нас, свечено сфаќа и свечено изјавува – дека всушност ненасушно сака да биде сакан, да сака, а не само да и им се препушта на страстите.

И можеби во еден миг – и поверувал дека спасот од „ропството“ на нагоните и на телото – е во смртта, е некаде таму – *о т а д е с è*, и можеби исконскиот *порив за слобода* кој постојано го гони – го измамува та за да посегне по сопствениот живот.

Малите „привидни“ нирвани, оргазмите – како врвно задоволство, но и како „куса“ „привидна смрт“... или пак како апсолутен или единствен живот – се голем мотив на Ангел – да ги *при*заборави, анестезира сите трауми, сета осама, сета болка на душичката му, сето страдание на осаменикот, страдалникот, талкачот и изгубениот човек.

Оној во кој се препознаваат недоброј мажи и жени, лузери, талкачи, оние кои авторот, ги виде и ги „вдоми“ во својот роман.

**Страв. Стравови...**

И во тој активен сексуален „сообраќај“, кај ликот Ангел Биков, расте *страв од осама,* а стравовите само се умножуваат: *страв од самотија, страв од страв, страв од вистина,* итн...

И во тој змијарник, и во таа „долина на волците“ каде мажјаците, како диви животни ги „ловат“ женките, каде човечкиот интегритет е девалвиран, од ден на ден кулминираат девастирани и дегутантни вредности, нечисти есапи, а луѓето се приморани и принудени на потчинет и мизерен начин на живот.

Страотни податоци за жртвите на режимот и режимите - не се само бројка, туку реалност на недоброј – души на невини луѓе.

И сè е во главата на нашинецот Ангел Биков. И како новинар, и како ју-претставник, и како известен човек и како вљубеник во книгата и уметноста, сè, како со инка – се слева во таа глава, која се полни, набрекнува – и кон крајот – напукнува.

Прво умира однатре, па однавор.

Нашинецот, Ангел, Биков...

Прво, нечујно пука, експлодира во него, во гробна тишина сето тоа што тој со децении го опсервира, набљудува, перцепира, сфаќа, се бунтува или премолчено го „голта“, сè, буквално сè.

Така му растат и опсесиите во неговата глава, така тој ги пренесува и на сексуалната, мажјачка „глава“ на неговото *тело* – неговиот *последен и страшен стан,* што би рекол филозофот.

И во тој хиперболизиран „стан“ тој ги прибира сите: серија минорни или неминорни ликови од неговиот дамнешен, но и актуелен живот, бурно, телесно навлегувајќи (и буквално) во некои од нив. Телесно, духовно, емотивно...

Во омилените жени - на неговиот живот...

Во нерастајнетите енигми на неговиот животен пат.

**Критика на општествената стварност**

Но дека ова не е само индивидуална драма, туку дека е поширок, покомплесен „грозд“ од проблеми или метастазирани општи состојби, говори и Лорета Георгиевска-Јаковлева која одлично го воочува пресекот на индивидуалното и колективното: „(...) иако станува збор за лични истории, неговите романи тематски се преокупирани со егзистенцијата, идентитетот и ентитетот во минатото, сегашноста и иднината, но и со животот и смртта, со сексуалноста и еротското, како точки во кои се сечат индивидуалното и колективното.“ (Лорета Георгиевска-Јаковлева. *Сок од простата,* 2022: 363)

Лорета дава уште поширока слика за зафатот на романсиерот Павловски: „(...) хронологијата на романите на Павловски може да се исчита и како хронологија на општествените девијации во одреден временски период: (...) Сок... е реакција на состојбата во која се наоѓаат луѓето по распадот на Советскиот Сојуз, а индиректно и на сите комунистички земји во транзиција, (...)“. (Лорета Георгиевска-Јаковлева. *Сок од простата,* 2022: 178).

**4. ЗАКЛУЧОЦИ**

Нашето истражување има конкретни заклучоци кои може да се сулимираат преку следниот заклучен дел на рефератот кој го истакнува апсектот на славење (апотеоза) на сексуалноста, но и апотеоза на слободата до која доаѓаме и ја откриваме како сознание.

**Апотеоза на сексуалноста**

Нараторот има искрена фасцинација од *сонцето* која наместа се актуелизира, и кога е во власта на оргазмите и кога преку сексуалните игри - триумфално раденува *апотеоза на слободата!*

Разден на денот над грандиозната Москва, *разден на слободата*...

И така, во сиот „виор“ на делото, ние всушност сфаќаме дека сме во голема и свечена *апотеоза на сексуалноста.* Та, ако култниот Гане Тодоровски пееше за „Апотеоза на делникот“, тогаш Јован Павловски, сосема отворено, ја химничи, ја слави *апотеозата на сексуалноста.*

Овој наш „инакуодец“, но и инакуљубец во „зоната на страста“ ја химничи слободата, триумфот на сексуалната слобода, но и слободата на мислата и правото на избор.

**Најновото критичко издание**

И секако – романот низ децениите, низ својот живот како роман, не би растел така убаво и моќно доколку не го толкуваат врвни критичари како застапените во најновото, јубилејно ни издание на оваа култна книга. Критичарите: Наташа Аврамовска, Лорета Георгиевска-Јаковлева, Гоце Смилевски, Бобан Карапејовски, и критичари кои откриваат богатства на неговата поезија: Катица Ќулафкова, Лидија Капушевска-Дракулевска, Владимир Мартиновски и Иван Антоновски.

Најновото издание на романот „Сок од простата“ од 2022 година е новиот *дом на книгата.* Ова е новиот *замок* во кој имаме прекрасна можност за растолкување на серија прашања и љубопитства кон делото на Јован Павловски, најчитаниот и омилен автор во македонскиот, југословенскиот, и светскиот книжевен контекст.

**ЛИТЕРАТУРА**

Бошковски, Петар Т. (2023). *Сок од простата,* Јубилејно издание. Второ издание, Скопје, Ми-ан.
Георгиевска-Јаковлева, Л. (2022). *Сок од простата,* Скопје, „Ми-ан“, стр. 178
Елзесер-Стојменска, С. (2022). *Сок од простата,* Скопје, „Ми-ан“, стр. 362
Карапејовски, Б. (2022). *Сок од простата,* Скопје, „Ми-ан“ стр. 394
Павловски, Ј. (2022). *Сок од простата*. – Скопје, „Ми-ан“
Павловски, Ј. (2023). *Сок од простата*, Јубилејно издание. Второ издание, Скопје, Ми-Ан.
Смилевски, Г. (2022). *Сок од простата,* Скопје, „Ми-ан“ стр. 356)
Тодоровски, Г. (2022). *Сок од простата,* Скопје, „Ми-ан“ стр. 377
Плевнеш, Ј. (2022). Изјава за ТВ Алфа дадена по повод изградба на Филмскиот град (преземена од ТВ Алфа, емитувана на 29.11.2022.
Смилевски, Г. (2023). *Сок од простата*, Јубилејно издание. Второ издание, Скопје, Ми-Ан.